**20210650994**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 20 став 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ИСПИТИТЕ ВО ДРЖАВНА МАТУРА ВО ГИМНАЗИСКОТО, СТРУЧНОТО И СРЕДНОТО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 63/12 и 159/16), во член 10 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„За време на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), полагањето на екстерните испити од државната матура може да биде и во дополнителен термин.“

Ставот 6 станува став 7.

Член 2

Во член 11 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Дополнителниот термин за полагањата на екстерните испити од член 10 став 6 од овој правилник, е утврден во Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта.“

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат 3, 4, 5 и 6.

Член 3

Во член 18 во ставот 2 алинејата 2 се менува и гласи:

„- вонредни околности: утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди.“

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- несреќен случај на кандидатот или член во потесното семејство“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Случаите од став 2 на овој член не се однесуваат на екстерните испити, освен во случај на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди).“

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Кандидатите од став 2 алинеја 2 на овој член, по приложувањето на писмен доказ, издаден од соодветна установа, до УМК го полагаат испитот во дополнителниот термин.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-5066/1
18 март 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.